**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27-09.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4595 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** (*„Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма“*).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** (*„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект“*).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во вториот десетдневен период, од 12 до 21 септември 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, во централното издание на вестите во продукција на ТВ Сонце, емитувано од 18 часот, беа евидентирани 1 час 59 минути и 51 секунда новинарски прилози селектирани за анализа, така што не беше достигнат релевантниот методолошки примерок од минимум 2 часа дневно-информативна програма

за извлекување оценки за начинот на известување. Сепак, во продолжение се поместени податоците за застапеноста на субјектите во вестите и за структурата на директните обраќања.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Сонце | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Други субјекти | 00:12:42 | 10,60 % |
| Локална самоуправа | 00:05:21 | 4,46 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:09:32 | 7,95 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:13 | 11,03 % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:55 | 0,76 % |
| Граѓански сектор | 00:08:44 | 7,29 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:08:27 | 7,05 % |
| СДСМ | 00:03:31 | 2,93 % |
| Претседател на РМ | 00:04:08 | 3,45 % |
| Без субјекти | 00:03:07 | 2,60 % |
| Влада на РМ | 00:17:02 | 14,21 % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:11 | 0,99 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:11 | 0,99 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:29 | 0,40 % |
| Левица | 00:00:29 | 0,40 % |
| ДИК и други органи | 00:01:21 | 1,13 % |
| Македонска алијанса | 00:07:01 | 5,85 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:02:12 | 1,84 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:09 | 0,96 % |
| Специјално обвинителство | 00:07:39 | 6,38 % |
| Собрание на РМ | 00:04:15 | 3,55 % |
| Судство | 00:03:02 | 2,53 % |
| ФРОДЕМ | 00:01:32 | 1,28 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:41 | 0,57 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:57 | 0,79 % |
| | **Вкупно: 01:59:51** | 100 % |

Најмногу време во вестите е одвоено за субјектите методолошки кодирани во категориите „Влада на РМ“, „Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари“ и „други субјекти“ (ИЗИИС, Обединета Македонска Дијаспора, АААВМУ, факултети, Срѓан Керим, НБРМ, БЕК, Браќа Манаки, БТА – бугарска новинска агенција). Информирано е и за активностите на повеќе политички партии.

Прилозите во анализираниот период се најчесто кратки и фактографски, со најважните информации за актуелните општествено-политички теми.

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Сонце | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:10 | 0,67 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:08 | 4,54 % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:06 | 12,42 % |
| Граѓански сектор | 00:02:21 | 9,42 % |
| Влада на РМ | 00:04:22 | 17,50 % |
| ДИК и други органи | 00:00:36 | 2,40 % |
| Други субјекти | 00:02:06 | 8,42 % |
| СДСМ | 00:01:31 | 6,08 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:07 | 4,48 % |
| Специјално обвинителство | 00:02:49 | 11,29 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:18 | 13,23 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:42 | 2,81 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:53 | 3,54 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:48 | 3,21 % |
| | **Вкупно: 00:24:57** | **100** % |

Најмногу директни обраќања во вестите им се дадени на категориите субјекти: „Влада на РМ", „ВМРО ДПМНЕ", и „Експерти/аналитичари".

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

Во анализираниот период се емитувани неколку видови информативни програми, и тоа: осум изданија на емисијата „Гласот на народот", едно интервју во „Избор на народот", една дебатна емисија во „Паричник", едно дебатно издание на емисијата „Врел Костен" и едно интервју во емисијата со наслов „Лица и дела".

*„Гласот на народот"*

На 12,18 и двапати на 19 септември 2016 година, се емитувани 4 репризни изданија на емисијата „Гласот на народот" каде тема на дебатата беше: "Четврт век независност, одбележување". Дебатираа: Ѓорѓи Наумов, првиот министер за правда во Владата на Република Македонија, професорите Михајло Уновски, Јанко Бачев и Осман Кадриу, и Тодор Петров, претседател на Светскиот македонски конгрес и пратеник во првиот парламентарен состав.

На 12 септември 2016 година, емитувана е и реприза на постаро издание на емисијата реализирана како интервју со проф.д-р Петар Поповски, историчар. Темата беше: За и околу името, кој стои зад тенденцијата бришење на името Македонија.

На 13 септември 2016 година, исто така, е емитувана реприза на постаро издание на емисијата во кое нема гости. Водителот зборува за проблемот со името, а во рамки на емисијата се емитувани два документарни филма. Првиот е со наслов „1821" кој на водителот му го испратил професорот Сотир Гроздановски од САД, додека вториот е со наслов „Име си е име" и е обезбеден преку Џејсон Мико кој работел на филмот.

На 14 септември 2016 година, емитувана е реприза на „Гласот на народот“ од април годинава. Гостин во емисијата беше проф.д-р Трајан Гоцевски – првиот министер за одбрана во Владата на РМ. Темите беа независноста на Република Македонија и безбедносната ситуација.

На 15 септември 2016 година, емитувано е репризно издание на емисијата од јуни 2016 година, во која гости беа Горан Илиевски, претседател на Партијата на македонците во Србија, Маријан Камиловски, магистар и академски сликар, проф.др Стефан Влахов Мицов, аналитичар и претставник од Македонскиот манифест, Томислав Јовановски, член на Македонски манифест и Ѓорѓи Тодоров, член на извршниот комитет на Народното движење за Македонија. Разговараа за тоа како до излезот од ќорсокакот, и кој е тој што си поигрува со безбедносната ситуација во Македонија.

На 16 септември 2016 година, со почеток во 23 часот и 25 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата „Гласот на народот“, во кое учествуваше градоначалникот на општина Македонски Брод, Милосим Војнески, а се разговараше за развојот на општината.

На 20 септември 2016 година, емитувана е реприза на издание на емисијата од март 2015 година, во кое темата беше „ТАТ-пирамидата, ТАТ глава на октоподот“. Гостин беше првиот човек на штрајкувачкиот одбор, претседател на советот на штрајкувачите на ТАТ, Кире Ковачев.

На 21 септември 2016 година, со почеток во 20 часот и 22 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата „Гласот на народот“, во која гостин беше лидерот на ВМРО Народна партија, Љубчо Ѓеорѓиевски, на темата: Лидери и партии во пресрет на изборите.

*„Избор на народот“*

На 15 септември 2016 година, со почеток во 20 часот и 58 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата *„Избор на народот“* во која гостин беше генерал Стојанче Ангелов. Се разговараше за Македонците кои сакаат да ја напуштат Македонија. Емисијата е репризирана два пати во текот на неделата (16 и 18 септември 2016 година).

*„Паричник“*

На 16 септември 2016 година, со почеток во 20 часот и 5 минути, се емитуваше премиера на емисијата насловена како „Паричник“. Темата на која дебатираа гостите Хари Локвенец, пратеник од СДСМ и Павле Саздов, пратеник од ВМРО ДПМНЕ е во врска со расправата на надзорната собраниска комисија за проблемите што произлегоа од поплавите во околината на скопско. Во мониторираниот период емисијата е репризирана два пати (18 и 19 септември 2016 година).

*„Врел костен“*

На 17 септември 2016 година, со почеток во 20 часот и 14 минути, во премиерното издание на емисијата „Врел костен“ разработена беше темата за состојбата во медиумската сфера во Македонија. Во неа дебатираа двајца новинари, Митко Јованов и Зоран Бојаровски. Истата беше репризирана трипати во текот на мониторираниот период (18, 20 и 21 септември 2016 година).

*„Лица и дела“*

На 17 септември 2016 година, со почеток во 21 часот и 7 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата „Лица и дела“. Водителката на емисијата беше на гости во општинската канцеларија кај градоначалникот на Прилеп, Марјан Ристески. Во текот на целата емисија се разговараше и акцент се стави на се што е постигнато за овие изминати 11 години, компарирајќи со тоа што не било сработено од претходните власти. Беше нагласено дека за ова не е заслужна само локалната власт, туку и Владата со

своите министерства. Градоначалникот потенцираше дека: секој втор-трет ден странски инвеститори се интересираат да изградат фабрики, невработеноста е на најниско ниво, поставени се нови спомен обележја, решен е проблемот со снабдувањето со вода, со помош од Владата во вредност од 3 милиони евра биле изградени нови бунари, уредени се парковите и зеленилото, сите училишта се реновирани, поставена е 200 км нова асфалтна мрежа; итн. На крајот од емисијата градоначалникот најави нови средства од Владата за многу нови проекти. Емисијата беше петпати репризирана во текот на извештајниот период (18,19, во два наврати на 20 и 21 септември 2016 година).

***Сектор за програмски работи***